Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Општина Карбинци а за потребите на ООУ „Страшо Пинџур" с. Карбинци.

Член 3

Министерот за образование и наука склучува договор со градоначалникот на Општина Карбинци, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-465/5
15 февруари 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**652.**

Врз основа на член 52 став (5) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 февруари 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА - ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ „КАРА ТАРЛА" С. ШАШАВАРЛИЈА, ОПШТИНА КАРБИНЦИ**

1. Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот, „Кара Тарла" с.Шашаварлија, Општина Карбинци бр. 24-428/10 од 13.6.2013 година, еднострано се раскинува по барање на концесионерот Друштвото за производство, трговија и градежништво Бау - Инвест ДОО Виница, заради немање на економски интерес за натамошно извршување на концесијата за експлоатација.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија и градежништво Бау - Инвест Зоки Атанасов и др. ЈТД Виница на локалитетот „Кара Тарла" с. Шашаварлија, Општина Карбинци бр.41-333/1 од 21 мај 2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 77/13).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-682/7
15 февруари 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**653.**

Врз основа на член 42 став (11) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 февруари 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**

Член 1

Во Одлуката за висината на трошоците за изработување на условите за планирање на просторот („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.269/20), членот 7 се брише.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-1456/5
15 февруари 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**654.**

Врз основа на член 18 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 ноември 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Јавна здравствена установа Центар за јавно здравје Битола, му престанува користењето на недвижна ствар-објект, кој се наоѓа на ул. „Град" во Кичево, на КП бр. 3374/1, КО Кичево 6, запишана во Имотен лист бр. 2165, сопственост на Република Северна Македонија, и тоа:

- зграда бр.2, намена на зграда В1-4, влез 1, кат ПО, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, со површина од 27м2,
- зграда бр.2, намена на зграда В1-4, влез 1, кат ПО, број 2, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, со површина од 27м2,
- зграда бр.2, намена на зграда В4, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, со површина од 38м2 и
- зграда бр.2, намена на зграда В4, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со површина од 232м2.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 од оваа одлука, се дава на трајно користење, без надомест, на Министерство за одбрана.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 од оваа одлука, ќе се изврши помеѓу Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје Битола и Министерството за одбрана, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.